РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Арх. бр: 02-1838/2
Дата 22.12.2022год.

Врз основа на член 57 од Статутот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје и Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во согласност со член 110 и членови 161 и 217 од Законот за високо образование (Сл.весник на РСМ бр. 82 од 08.05.2018 година), член 42 од Правилникот за посебните услови за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ (Унив.гласник бр.411 од 5.11.2018), Наставно-научниот совет на Факултетот на својата редовна седница одржана на 22.12.2022 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за избор

1. Д-р Христина Михајлоска Трпческа, доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се избира во звањето вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство– Скопје, согласно оцената во реферато за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ бр. 1273 од 1.12.2022 година (стр.250-266)

2. Д-р Христина Михајлоска Трпческа се избира во звање вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје за времетраење од 5 години.

3. Одлуката стапува на сила со денот на незиното донесување.

Образложение

На конкурсот објавен во весниците Нова Македонија” и “Коха” од 12.10.2022 година за избор на наставник, позиција 1 се пријави кандидатот д-р Христина Михајлоска Трпческа, доцент на Факултетот, кој во целост ги исполнува условите утврдени во во конкурсот, Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот врз основа на горе изнесеното одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Доставено до: архива, сметководство, персонално досие, именуваниот

Д е к а н

проф. д-р Боро Јакимовски

Изработил: м-р Валентина Трајанова, дипл.правник
Одобрил: м-р Игор Светановски, секретар